З А П И С Н И К

од дваесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

дваесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од претседателот на Комисијата се одржа на 11.12.2019 година, со почеток во 16:45 часот во просториите на Агенцијата за електронски комуникации.

На состанокот присуствуваа

1. Стевица Јосифовски, претседател
2. Горан Велинов, член
3. Дешира Имери, член
4. Гордана Клинчарова, член
5. Ервин Реџепагиќ, член
6. Сашо Димитријовски- Директор на Агенцијата за електронски комуникации;
7. Бојана Стефановска- Советник за правни работи-во својство на записничар,

На состанокот беше предложен следниот дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за дваесетиот состанок на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на записникот од деветнаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата;
3. Усвојување на Годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2020 година;
4. Барање на согласност за измена и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2019 година;
5. Разно.

Претседателот на Комисијата ја стави првата точка за разгледување, усвојување на дневниот ред, по што сите членови гласаа за и бидејќи е едногласно усвоен, комисијата започна со работа.

Записникот од предходниот состанок беше усвоен од страна на членовите на Комисијата.

По однос на третата точка претседателот зеде збор и откако се разгледаа коментарите пристигнати во законски предвидениот рок од операторите ја стави програмата за работа на агенцијата на гласање по што едногласно беше усвоена од членовите на Агенцијата.

По однос на четвртата точка измена на планот за јавни набавки претседателот на комисијата го разгледа барањето од трите сектори за измена на планот за јавни набавки по што членовите гласаа за усвојување на планот за јавните набавки.

Под точка разно беа разгледани барањата од Факултетот за информатички науки и компјутерски технологии со кои се бара донација за набавка на компјутерски систем по што се разви дискусија, по што членовите на комисијата дадоа согласност и задолжение за службите да се обратат до Министерство за правда.

По ова состанокот на комисијата заврши во 18:00 часот.

Стевица Јосифовски, претседател________________

Горан Велинов, член______________________

Гордана Клинчарова, член______________________

Ервин Реџепагиќ, член______________________

Дешира Имери, член __________________________

Наш број________________

Скопје 11.12.2019 год.